Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НП-НПМ) на 06.11.2013 година спроведе посета во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско. Посетата започна во 10:30 часот и траеше до 14:40 часот (вкупно времетраење: 4 часа и 10 минути). НПМ ја спроведе посетата придружуван од надворешни соработници-дефектолози, согласно Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Народниот правобранител и Сојузот на  дефектолози на РМ.

НПМ спроведе ***редовна ненајавена посета*** на Заводот за рехабилитација Бања Банско, во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител. Целта на посетата согласно Факултативниот протокол е идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, преку увид во материјалните услови во јавната установа за рехабилитација, постапувањето со корисниците, остварувањето на правата загарантирани со Законот за социјална заштита и други правни акти, како и водењето на евиденциите во врска со оваа категорија на лица.

Посетата на Заводот Бања Банско се спроведе во неколку чекори. Тимот на Националниот превентивен механизам придружуван од надворешните соработници-дефектолози, на почетокот од посетата оствари средба со директорот на Јавната установа, а согласно утврдената методологија на работа беа формирани два подтима при што беше спроведен увид на сместувачките капацитети, беа спроведени доверливи разговори со неколку корисници по сопствен избор, се изврши увид во останатите заеднички и помошни простории, како и увид во просторијата за физикална терапија.

НПМ оствари целосна соработка со вработените во јавната установа, при што имаше непречен увид во сите места по сопствен избор, како и можност доверливо и насамо да разговара со корисниците. Притоа во разговор со корисниците не доби поплаки за тортура и сурово постапување, а односот на персоналот генерално беше оценет како коректен. Беше утврдено дека во Заводот не постои систем за жалби и поплаки, а поголем дел од корисниците сметаат дека Управата недоволно се посветува на потребите и идеите кои ги имаат самите корисници, односно недоволно се реализираат барањата од Корисничкиот совет.

Корисниците се жалеа дека при тансппортот не се постапува хумано со нив, односно понекогаш грубо и без внимание се постапува, а заради ограниченоста на превозот на штитениците не им се овозможуваат навремени стоматолошки интервенции, како и редовни гинеколошки прегледи.

Просториите во кои се изведува наставата се прилагодени на учениците со телесна инвалидност, добро се осветлени и затоплени и во нив има добри услови за изведување на настава, а просториите за престој се убаво уредени, прилагодени за нивните потреби, поставена е пристапна рампа на влезот на објектите и внатрешни лифтови, кои се во исправна состојба.

Во просториите за физикална терапија постојат добри услови за обавување на истата. Кабинетите се опремени со современа апаратура за физикална терапија, кинезитерапија и балнео терапија, но во училниците нема доволно наставни и надгледни средства во согласност со потребите на учениците, а во кабинетот по информатика има компјутери, но нема асистивна технологија поради што е отежната употребата на истите.

Беше констатирано дека во Заводот има недостаток од човечки кадар, особено има недостаток од технички персонал, посебно хигиеничари и негователи, па поради тоа често во новиот оддел остануваат без негователи, а бројот на негователи го ограничува и користењето на базенот, како и другите физикални активности.

Дополнително бројот на негователи влијае и во делот на хигиената на неподвижните корисници, при што во дел од сместувачките капацитети се осеќа мирис на урина и непроветреност. Загрижувачки е што во оваа установа се сместуваат и лица со поинаков вид на пречки (без телесен инвалидитет) за кои нема адекватни заштитни механизми, односно за нив во оваа установа нема соодветна грижа ниту пак соодветен кадар за да работи и постапува со нив, при што НПМ смета дека самото несоодветно сместување преставува нехумано постапување.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител - Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Министерството за труд и социјална политика, како и до ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.